**Образец бр. 2**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

Република Македонија има воспоставено правна и институционална рамка во својот национален систем за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба.Воведувањето на системот за извозна контрола придонесува во спречувањето на ширењето на оружјето за масовно уништување, во борбата против тероризмот и за глобалната и регионалната безбедност.

**Согласно Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 1540 од 2004** година, потребно е да се најде ефективен систем на контрола на извоз на воена стока и предмети со двојна употреба, вклучувајќи и софтвер и технологија, кои можат да се користат и за цивилни и за воени цели. Од универзален интерес е да се осигури придржувањето кон меѓународните заложби и одговорностите на земјите-членки на Обединетите Нации во однос на нераспространувањето на оружје за масовно уништување.

Со Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба се опфатени условите под кои може да се врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба, начинот и постапката на издавање на дозволи за извоз, надлежноста на државните органи во контролата на вршење на извозот и обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

Вршењето на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, подлежи на контрола со цел заштита на безбедноста, економските и надворешно политичките интереси на Република Македонија во зајакнување на меѓународниот мир и безбедност како и исполнување на меѓународните обврски на Република Македонија.

Постојниот закон за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба е целосно усогласен со Регулативата број 1334/2000 (ЕЗ) на Советот со која се уредува режимот на Заедницата за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба. Со постојната законска регулатива за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба е воспоставена општата рамка на контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба. Истата ја регулира контролата на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, но со истата не се опфатени контролата на транзитот и брокеринг активностите на што повикува Резолуцијата 1540 (2004) на Советот за безбедност на ОН.

За доуредување на контролата на извозот, Европскиот Парламент и Советот на 29 мај 2009 година донесе нова  Регулатива 428/2009, во која се содржани сите измени и дополнувања на  Регулативата на ЕУ 1334/2000, како и дополнителни одредби со кои се прошири опфатот на контрола на транзитот и брокеринг активностите.

*Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба произлегува од потребата за изменување и дополнување на некои одредби од законот, заради допрецизирање на истите и потребата за проширување на опфатот на контрола и на други активности како што се транзитот и брокерингот.*

Во ЕУ регулативата за двојна употреба, во прелиминарните белешки и повторно во член 24, стои дека казните кои се применуваат за прекршоци на регулативата мора да бидат ефективни, пропорционални и одвраќачки.

Прекршочните одредби во постојниот закон со оглед на тоа што за сите прекршоци од законот без разлика на тежината на прекршокот се предвидени исти казни не се пропорционални на сторениот прекршок. Истите со оглед тежината на прекршоците и на висината на глобата за прекршоците не се ефективни ниту пак одвраќачки.

*Одтука произлегува дека е потребно  и преиспитување и измена на постојните прекршочни одредби во овој закон со цел унапредување и на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија,.*

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Предлог законот за изменување и дополнување на законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба има за цел: транспонирање на одредбите од Регулативата на Советот (ЕК) број 428/2009 од 5 мај 2009 година, кои не беа содржани во Регулативата на Советот (ЕК) број 1334/2000 од 22 јуни 2000, односно транспонирање на одредбите  со кои се проширува опфатот на контрола и на трансферот, транзитот и на брокеринг активностите, како и допрецизирање на одредбите кои претходно  нецелосно се транспонирани.

Со овој  Предлог законот се предвидува уредување на условите под кои  може да се врши извоз, трансфер, брокеринг и транзит на  стоки и технологии со двојна употреба, надлежноста на  државните органи во контролата  над  извозот, трансферот, брокерингот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба и правата и  обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз,трансфер, брокеринг и транзит  на стоки и технологии со двојна употреба.

Предлог законот исто така има за цел и воспоставување на соодветни ефективни, пропорционални и одвраќачки казнени одредби.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

Да се донесе  Закон за изменување и дополнување на законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

Со носење на предложениот Закон за изменување и дополнување на законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, не се предизвикуваат дополнителни трошоци за физичките и правни лица како и даватели и корисници на услуги.

Со овој  закон се уредуваат условите под кои  може да се врши извоз, трансфер, брокеринг и транзит на  стоки и технологии со двојна употреба, надлежноста на државните органи во контролата  над  извозот, трансферот, брокерингот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба и правата и  обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз ,трансфер, брокеринг и транзит  на стоки и технологии со двојна употреба, а со што ќе се спроведат активностите утврдени во Националната програма за усогласување со законодавството на ЕУ.

Со Предлог законот се врши измена и дополнување на законот за извоз на стоки со  двојна употреба со што истиот ќе се усогласи со новата Регулативата број 428/2009 (ЕК), со која се воспоставуваат  построги стандарди во  режимот на Заедницата за контрола на извоз, трансфер, брокеринг и транзит на стока со двојна употреба.

Регулативата ги вклучува меѓународните режими за контрола над извозот на конвенционалното оружје и оружјето за масовно уништување  (WA) Васенар аранжманот, режимот за контрола над ракетната технологија (MTCR), Групата на земји – снабдувачи на нуклеарен материјал (NSG), Австралиска група (AG),и Конвенцијата за хемиско оружје.

Република Македонија во моментот не е договорна страна  на меѓународните режими за контрола над извозот, но постои интерес за воспоставување на поблиска соработка со овие режими, вклучувајќи  го и исполнувањето на критериумите за членство.

**Предложено решение (опција):** Да се донесе  Закон за изменување и дополнување на законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба.

**Опис:** Предлогот за донесување на Законот за изменување и дополнување на законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба содржи измена и дополнување на одделни одредби од законот заради нивно потполно усогласување со Регулативата број 428/2009 (ЕЗ) од 29 мај 2009 година.

Во глава I – Општи одредби, се менува членот 1 така што се проширува опфатот на законот, освен на извозот и на други активности како што се трансферот, брокерингот и транзитот на  стоки и технологии со двојна употреба.

Во оваа глава се дополнува и членот 2 точките 2 и 3, така што се менува дефинирањето на поимите "извоз" и "извозник" кои се употребуваат во овој закон, согласно дефинициите на истите во Регулативата број 428/2009 (ЕЗ)    и се додаваат три нови точки заради дефинирање на поимите "брокерски услуги", "брокер" и "транзит" .

Во глава III се менува насловот на главата на "Вршење на извоз, брокеринг и транзит" .

Во оваа глава се додаваат два нови члена 7 и 8 со кои се уредува начинот на вршење на брокерски услуги и транзит на стоки и технологии со двојна употреба, случаите  во кои е потребна дозвола за брокерските услуги и транзит, случаите и рокот во кои брокерот е обврзан да ја извести комисијата и министерството за економија.

Членот 9 се менува со цел покрај обврските на извозникот, да ги уреди и обврските на  брокерот при поднесување на барање за добивање на дозвола за брокерски услуги, да го утврди органот кој ја издава дозволата за брокерски услуги, како и формата и содржината на обрасците (барањето и дозволата за брокерски услуги) и прилозите кои треба да се доставaт кон барањето.

Членовите 10 и 11 се менуваат со цел да ги уредат обврските на министерството за економија и на другите државни органи, роковите и начинот на нивно постапување и при издавањето на дозволата за брокерски услуги.

Членовите 13 и 14 се дополнуваат за  да се уреди во кои случаи се одбива барањето за издавање на дозвола за брокерски услуги, односно во кои случаи се укинува , а во кои случаи се поништува дозволата за брокерски услуги.

Членот 15 се менува за  да се уреди правото на жалба  на брокерот против решението  за одбивање на барањето за издавање на дозвола за брокерски услуги, решението за  укинување ли поништување на дозволата за брокерски услуги.

Во глава IV се менува насловот на главата  на "Обврски на извозникот и брокерот"

Во оваа глава се дополнува членот 16 со нова алинеја со која се уредуваат обврските на брокерот да води посебна евиденција за извршените брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба и да ја извршува дејноста во согласност со условите и барањата утврдени во  дозволата за брокерски услуги.

Членот 19 кој ги регулира обврските на извозникот се дополнува за да ги регулира и обврските на брокерот.

Во глава V – Права и обврски на министерствата и други органи на управата, се дополнува членот 20 став 5, со што обврската на Министерството да води евиденција за издадените дозволи  за извоз и одбиените барања за добивање дозвола за извоз, се проширува и на дозволи  за брокерски услуги и на одбиени барања за добивање дозвола за за брокерски услуги.

Во глава VI – Прекршочни одредби се менува членот 24 со цел да се  воспостават посоодветни, поефективни, попропорционални и одвраќачки казнени одредби со кои се  зајакнува казнената политика. Имајќи во предвид дека прекршоците по овој закон може да претставуваат сериозна закана за меѓународниот мир и безбедност и може да предизвикаат тешки последици по безбедноста на луѓето, потребно беше да се зголеми висината на казните особено за посериозните прекршоци, како што се неовластениот извоз или брокеринг на стоки и технологии со двојна употреба, а се со цел демотивирање на сторителите на истите. За целосно остварување на истото потребно е и воспоставување и на соодветни кривични санкции по овој закон во Кривичниот закон.

Предложениот закон за изменување и дополнување на законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба влегува во сила осмиот ден од денот на  објавувањето  во “Службен весник на Република Македонија”.

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

2. **Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Извозот на стоки и технологии со двојна употреба, подлежи на контрола со цел заштита на безбедноста, економските интереси и надворешно политичките интереси на Република Македонија во зајакнување на меѓународниот мир и безбедност, како и за исполнување на меѓународните обврски на Република Македонија.

Со Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба се опфатени условите под кои може да се врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба, начинот и постапката на издавање на дозволи за извоз, надлежноста на државните органи во контролата на вршење на извозот и обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Поголема правна сигурност во одвивањето на условите под кои може да се врши извозот, транзитот и брокерингот на стоки и технологии со двојна употреба.

3. **Ризици и претпоставки**

/

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | **НЕ** | **НЕ** |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз животната средина | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз правата на граѓаните | **НЕ** | **НЕ** |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | **НЕ** | **НЕ** |

**Чекор 3: Консултации**

Направени се консултации со Министерство за финансии – Царинска управа на РМ, Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за здравство – Биро за лекови, Секретаријат за законодавство и Генерален секретаријат на Владата на РМ.

**Резиме на иницијалната**

**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Предлог законот за изменување и дополнување на законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба има за цел транспонирање на одредбите од Регулативата на Советот број 428/2009 (ЕЗ) од 5 мај 2009 година, кои не беа содржани во Регулативата на Советот број 1334/2000 (ЕЗ) од 22 јуни 2000, односно транспонирање на одредбите со кои се проширува опфатот на контрола и на трансферот, транзитот и на брокеринг активностите, како и допрецизирање на одредбите кои претходно нецелосно се транспонирани.

Со овој  Предлог законот се предвидува уредување на условите под кои  може да се врши извоз, трансфер, брокеринг и транзит на  стоки и технологии со двојна употреба, надлежноста на  државните органи во контролата  над  извозот, трансферот, брокерингот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба и правата и  обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз ,трансфер, брокеринг и транзит  на стоки и технологии со двојна употреба.

Со Предлог законот исто така се воспоставуваат и соодветни ефективни, пропорционални и одвраќачки казнени одредби.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Билјана Додевска Стојановска,  Државен советник за европски интеграции и меѓународна соработка

Илир Шабани, Раководител на сектор за меѓународно трговска соработка

т. 3093-491:

т/ 3093-506

е- mail  Biljana.d.stojanovska@economy.gov.mk

Ilir.sabani@economy.gov.mk

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

Катерина Костеска, Државен секретар

тел.3093-404

е- mail:katerina.kosteska@economy.gov.mk

Билјана Додевска Стојановска, Државен советник за европски интеграции и меѓународна соработка

Илир Шабани, Раководител на сектор за меѓународно трговска соработка

Т.3093-491

т. 3093-506

е- mail  Biljana.d.stojanovska@economy.gov.mk

Ilir.sabani@economy.gov.mk

**Изјава од министерот**

**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: 01.08.2010<br><br>Вклучени организации и претставници:<br><br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | |

**Изјава од министерот**

**Јас, Фатмир Бесими** , изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................... Датум: 01.08.2010